

КОАЛИЦИЈА KOALICIONI KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

### Коалиција „Сите за правично судење“


Ул. Македонија 11/2-10

Скопје, 1000

00 389 2 6139874

contact@all4fairtrials.org.mk


Април, 2021

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

*Закажаните термини насрочени за главната расправа за деновите 05.04.2021 година, 09.04.2021 година и 12.04.2021 година беа отповикани поради отсуство на дел од обвинетите од здравствени причини.

*Закажаниот термин  за главната расправа за ден 14.04.2021 година беше отповикан поради отсуство на член на судечкиот совет од здравствени причини.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 05.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на одбраната.

На 13.04.2021 година, на рочиштето беше донесена осудителна пресуда со која на првообвинетиот му беше изречена единствена казна затвор од 8 години, на второбвинетиот му беше изречена единствена казна затвор од 15 години, на третообвинетиот му беше изречена казна затвор од 5 години, на четвртообвинетиот му беше изречена казна затвор од 5 години. По барање на застапникот на обвинението судот определи притвор за првообвинетиот и куќен притвор за третообвинетиот. Дополнително, судот изрече мерка конфискација на имот и ги задолжи осудените да ја надоместат штетата.

## „27ми април - ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20

*Закажаните термини за главната расправа беа отповикани поради отсуство на член на судечкиот совет од здравствени причини.

## „ТНТ“ КОК-53/17

*Закажаниот термин  за главната расправа за ден 08.04.2021 година беше отповикан поради отсуство на член на судечкиот совет од здравствени причини.

На 14.04.2021 година, рочиште за главна расправа беше одложено поради отсуство на членови од судечкиот совет од здравствени причини.

На 22.04.2021 година, на рочиште за главна расправа беа испитани 3 сведоци на предлог на обвинителството.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

*Закажаниот термин  за главната расправа за ден 19.04.2021 година беше отповикан поради отсуство на дел од одбраната од здравствени причини.

На 29.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведен материјални докази на предлог на обвинителството.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

*Закажаниот термин  за главната расправа за ден 07.04.2021 година беше отповикан поради отсуство на член на судечкиот совет од здравствени причини.

На 27.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на член од судечкиот совет од здравствени причини.

**„МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20**

На 14.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци на предлог на обвинителството.

На 29.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок на предлог на обвинителството.

**„КОЛИБРИ“ КОК-64/20**

На 02.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на член од судечкиот совет.

**„ТОПЛИК“ КОК-57/17**

*Закажаниот термин за главната расправа за ден 23.04.2021 година беше отповикан поради отсуство на судија-поротник и бранител од здравствени причини.

**„ТИТАНИК 2“ КОК -7/20**

На 26.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази.

**„ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК -30/20**

*Закажаниот термин за главната расправа за ден 06.04.2021 година беше отповикан поради отсуство на член на судечкиот совет и дел од обвинетите од здравствени причини.

На 20.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството.

**„ТЕНДЕРИ“ КОК -64/17**

*Закажаниот термин за главната расправа за ден 06.04.2021 година беше отповикан поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

На 12.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на член од судечкиот совет.

**„МОЌНИК“ К-2616/20**

*Закажаниот термин за главната расправа за ден 26.04.2021 година беше отповикан поради смртен случај во семејството на еден од обвинетите.

**„ТОТАЛ“ К-1493/17**

На 26.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на судијата од здравствени причини.

**„ТРЕВНИК“ К-238/18**

На 13.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранител од здравствени причини.

**„ДРУМАРИНА“ К-2799/20**

На 08.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетата од здравствени причини.

**„ТОРТУРА“ К-1959/17**

*Закажаниот термин за главната расправа за ден 15.04.2021 година беше отповикан поради отсуство на обвинет од здравствени причини.

На 23.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа во дополнение на доказна постапка беа испитани 2 сведоци на предлог на одбраната.

**„ТАЛИР 2“ К -1413/19**

На 08.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца бранители од здравствени причини.

На 22.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 вешти лица на предлог на обвинителството.

**„ЛАСКАРЦИ“ К-1407/19**

*Закажаниот термин за главната расправа за ден 20.04.2021 година беше отповикан поради отсуство на дел од одбраната.

**„МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ К-817/11**

На 07.04.2021 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на член од судечкиот совет од здравствени причини.

**„ТАМАРА“ К-930/18**

*Закажаниот термин за главната расправа за ден 07.04.2021 година беше отповикан поради тоа што списите на предметот се наоѓаат во Апелациониот суд Скопје.

*Закажаниот термин за главната расправа за ден 14.04.2021 година беше отповикан поради отсуство на бранител и обвинет од здравствени причини.

**„УБИСТВОТО НА САЗДО“ К-3216/20**

На 02.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на член од судечкиот совет од здравствени причини.

**„ВАНГЕЛОВСКИ“ К-2048/20**

На 20.04.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на одбраната.

**„КАТИЦА И БОЈАН“ К-637/20**

На 21.04.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на член од судечкиот совет од здравствени причини.

**„ПРОТЕСТИ МОНСТРУМ“ К-599/21**

На 09.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 1 сведок, 1 вештак и беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството.

На 19.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани 2 сведоци на предлог на одбраната и беа изведени материјални докази на предлог на одбраната.

На 21.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок на предлог на одбраната.

На 28.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок на предлог на одбраната.

На 29.04.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 обвинет на предлог на одбраната и беа дадени завршни зборови. Судот донесе осудителна пресуда со која ги огласи обвинетите за виновни и им изрече казна затвор.

**„КАМПАЊА "  К-416/21**

На 28.04.2021 година, на рочиштето за главен претрес беше утврден идентитетот на обвинетиот, беше прочитан обвинителниот акт и беа испитани 2 сведоци.